# Механизмот на Организацијата на Обединетите нации -

# Универзален периодичен преглед



Norway

SMART Balkans
Civil Society for Shared Society in the Western Balkans

CRPM Center for Research and Policy Making
...policy impact since 2004

European Policy Institute. Skopje



Информативниот материјал „Механизмот на Организацијата на Обединетите нации - Универзален периодичен преглед“ е развиен со поддршка на регионалниот проект СМАРТ Балкан - Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан имплементиран од Centar za promociju civilnog društva (CPCD), Центар за истражување и креирање политики (ЦИКП) и Институт за демократија и медијација (ИДМ), а финансиски е поддржан од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка. Содржината на информативниот материјал е единствена одговорност на имплементаторите на проектот и не мора да ги одразува ставовите на Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка.



# СОДРЖИНА


Што е Универзален периодичен преглед? 4

Историски преглед 5

Како функционира Универзалниот периодичен преглед? 6

Судството и неговото вклучување во процесот на Универзалниот периодичен преглед 7

Улогата и поведението на судството 8

Фази на судското вклучување во УПП процесот 10

Препораки од четвртиот циклус од областа на родово-базираното насилство, родовата еднаквост, говорот на омраза и дискриминацијата 12

# ШТО Е УНИВЕРЗАЛЕН ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД?

Универзалниот периодичен преглед (УПП) претставува посебен процес што редовно ја оценува состојбата со човековите права во сите 193 држави членки на Обединетите нации. Овој механизам, како новина на Советот за човекови права, се заснова на еднаков пристап кон сите држави. Преку него, земјите добиваат прилика да прикажат какви чекори презеле за унапредување на човековите права и како се справуваат со постоечките предизвици во оваа област. Дополнително, УПП овозможува размена на успешни примери и искуства за заштита на човековите права на глобално ниво.[1] Крајната цел на Универзалниот периодичен преглед (УПП) е подобрување на состојбата со човековите права во секоја земја, што има значајно влијание врз луѓето ширум светот. УПП е осмислен да ги поттикне, поддржи и прошири напорите за унапредување и заштита на човековите права на терен. За да се постигне ова, УПП ги оценува извештаите за човековите права на државите и се занимава со кршењата на човековите права каде и да се случуваат. Исто така, преку овој процес се нуди техничка помош на државите, се зајакнува нивниот капацитет за справување со предизвиците во оваа област и се овозможува размена на добри практики меѓу државите и другите засегнати страни.[2]

1 Basic facts about the UPR available at https://www.ohchr.org/en/hr-bodies/upr/basic-facts

2 Basic facts about the UPR available at https://www.ohchr.org/en/hr-bodies/upr/basic-facts

# ИСТОРИСКИ ПРЕГЛЕД

Во 2005 година, Обединетите нации започнаа процес на реформирање на својот систем за човекови права. Оваа реформа, во голема мера, беше одговор на бројните обвинувања дека долгогодишната Комисија за човекови права на ОН е политизирана и применува двојни стандарди — критикувајќи одредени држави за прекршувања, додека на други им дозволуваше да избегнат каква било контрола.[3]Така, Универзалниот периодичен преглед (УПП) е воспоставен во 2006 година, како дел од институционалните реформи по укинувањето на Комисијата за човекови права на ОН, која беше остро критикувана за прекумерна политизација. Во клучниот извештај за реформите од 2005 година, генералниот секретар Кофи Анан заклучи дека способноста на Комисијата да ја извршува својата работа е сѐ повеќе нарушена поради намалената доверба и професионалност. Тој посочи дека државите станувале членки на Комисијата не за да ги унапредат човековите права, туку за да се заштитат од критики или да ги напаѓаат другите. Како последица, се појави недостаток на кредибилитет што ја засени репутацијата на целиот систем на Обединетите нации. Системот на меѓусебно оценување во рамки на УПП е  замислен да помогне во избегнување на политизацијата и селективноста кои го одбележаа претходниот механизам. Иако гласањето во Советот за човекови права сѐ уште се смета за политизирано, многу набљудувачи веруваат дека УПП претставува значителен напредок во борбата за човековото достоинство.[4]

3 Jane K. Cowan & Julie Billaud, 'Between Learning and Schooling: The Politics of Human Rights Monitoring at the Universal Periodic Review' (2015) 36(6) Third World Quarterly 1175.

4 Rochelle Terman and Erik Voeten, 'The Relational Politics of Shame: Evidence from the Universal Periodic Review' (2018) 13 Review of International Organizations 1, 23

# КАКО ФУНКЦИОНИРА УНИВЕРЗАЛНИОТ ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД?

Прегледите во рамки на УПП ги организира Работната група составена од 47 држави членки на Советот за човекови права, иако во процесот можат да учествуваат сите земји членки на ОН. Оваа група се состанува три пати годишно и на секоја сесија разгледува од 14 до 16 држави. Прегледот се одвива преку дијалог меѓу државата што се оценува и останатите членки на ОН. Прво, државата доставува национален извештај како самооценка, додека невладините организации и други чинители можат да испратат информации, но само државата има право директно да се обрати пред групата. По излагањето, следат 140 минути дискусија во која другите држави и набљудувачи даваат препораки за подобрување на човековите права. Државата потоа јавно се изјаснува кои препораки ги прифаќа, а кои не. По прегледот, три случајно избрани држави, уште познати како „Тројка" составуваат завршен извештај. Извештајот потоа треба да биде усвоен на пленарна седница на Советот за човекови права. За време на пленарната седница, државата под преглед може да одговори на прашањата и проблемите што не биле доволно разгледани во Работната група и да се одговори на препораките што ги подигнале државите. Време е предвидено и за изразување на мислења од страна на членките и набљудувачите на Обединетите нации, како и за националните институции за човекови права, невладините организации и други засегнати страни кои можат да дадат општи коментари. Државата има рок од 4,5 години да ги спроведе прифатените препораки пред следниот преглед.[5] Документите врз кои се темели прегледот се: 1) информации обезбедени од државата што се прегледува, најчесто во форма на „национален извештај"; 2) информации содржани во извештаите на независните експерти и групи за човекови права, познати како Специјални процедури, договорни тела за човекови права и други субјекти на ОН; 3) информации од други засегнати страни, вклучувајќи ги националните институции за човекови права и невладините организации.[6]

5 Basic facts about the UPR available at https://www.ohchr.org/en/hr-bodies/upr/basic-facts

6 Basic facts about the UPR available at https://www.ohchr.org/en/hr-bodies/upr/basic-facts

# СУДСТВОТО И НЕГОВОТО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО ПРОЦЕСОТ НА УНИВЕРЗАЛНИОТ ПЕРИОДИЧЕН ПРЕГЛЕД

Судството има уникатна улога во заштитата на човековите права, не само во рамки на националниот контекст, туку и во зајакнувањето на меѓународните обврски за човекови права. Како што глобалната рамка за човекови права продолжува да се развива, така се развива и очекувањето судството да придонесува повидливо и да биде вклучено поефикасно во меѓународните механизми за човекови права.[7] Универзалниот периодичен преглед (УПП) како механизам во принцип е фокусиран на меѓународните обврски на државите и претставува важна платформа за зајакнување на владеењето на правото. Меѓутоа, инклузивноста на УПП овозможува различни засегнати страни да се вклучат и да придонесуваат на спроведувањет на неговиот исход. Оттука, судството претставува еден од главните засегнати страни во почитувањето на владеењето на правото, преку спроведување на меѓународните обврски за човекови права во националниот правен систем, гонење и отстранување на повредите на човековите права, ефикасно спроведување на националното законодавство и нудење пристап до правда.[8] Во овој поглед, независноста и отчетноста се едни од главните принципи врз кои треба да работи едно ефикасно судство, принципи кои истотака се важни за судската интеракција со меѓунаордните процеси на мониторирање на човековите права како што е УПП. Во таа насока, ангажирањето на судството е од суштинско значење за премостување на јазот помеѓу меѓународните и националните норми.

7 Helen Ramos Dos Santos, "The Role of the Universal Periodic Review in Advancing Human Rights in the Administration of Justice" (International Bar Association's Human Rights Institute (IBAHRI), March 2016), https://upr-info.org/sites/default/files/documents/2016-03/ibahri_administration_justice_2016.pdf. Page 9

8 "Commentary on the Bangalore Principles of Judicial Conduct" (The Judicial Integrity Group, March 2007), https://www.judicialintegritygroup.org/images/resources/documents/BP_Commentary_Engl.pdf.

# УЛОГАТА И ПОВЕДЕНИЕТО НА СУДСТВОТО

Судството сѐ почесто се спомнува во препораките од УПП, особено во делот на правните реформи и институционалната независност.[9] Во некои случаи од судиите се очекува директна улога во подобрување на пристапот до правда, обезбедување правна заштита и заштита на човековите права.[10] Во оваа насока, судското поведение е важно не само за спроведување на исходот од процесот туку и за активното ангажирање за времетраење на истиот. Бенгалорските принципи на судско поведение[11] се од голема важност бидејќи воспоставуваат стандарди за етичко однесување на судиите. Тие утврдуваат шест основни вредности што треба да го водат вршењето на судиската функција, имено: независност, непристрасност, интегритет, еднаквост, пристојност и компетентност и совесност. Под секоја вредност, принципите опишуваат специфични размислувања и ситуации за кои судиите треба да бидат свесни со цел да се обезбеди одржување на судскиот интегритет и јавна доверба во него.[12] Главната слабост на Бенгалорските принципи е тоа што не се правно обврзувачки, односно нудат насоки, но не и извршливи правила – немаат јасни стандарди за имплементација, механизми за санкционирање, ниту дефинирани казни за прекршување.[13] Сепак, нивната главна предност е во тоа што ја нагласуваат активната улога на судството во одржувањето на независноста, непристрасноста и интегритетот на судскиот систем. За разлика од други меѓународни инструменти кои го ставаат фокусот само на одговорноста на државата, овие принципи потсетуваат дека самиот судски систем мора да се залага за сопствена отчетност и професионалност.[14]

9 Francesca Restifo, "Tips for Enhancing Judicial Engagement with the United Nations Human Rights Council Universal Periodic Review" (International Bar Association's Human Rights Institute (IBAHRI), June 2024), https://www.ibanet.org/document?id=Tips-for-judicial-review-report.

10 Restifo.

11 "The Bangalore Principles of Judicial Conduct" (United Nations Office on Drugs and Crime, 2018), https://www.unodc.org/documents/ji/training/bangaloreprinciples.pdf.

12 "The Bangalore Principles of Judicial Conduct."

13 Greg Mayne, "'Judicial Integrity: The Accountability Gap and the Bangalore Principles," in Global Corruption Report 2007: Corruption and Judicial Systems (Transparency International, 2007), https://knowledgehub.transparency.org/assets/uploads/helpdesk/Enforcement-of-judicial-codes-of-conduct-2018.pdf. Page 43

14 Mayne.

Во контекст на УПП, Бенгалорските принципи се особено значајни и релевантни бидејќи овозможуваат на судиите да го оценат и унапредат сопственото работење во согласност со меѓународните обврски за човекови права. Придржувајќи се до овие принципи, судиите можат поефикасно да учествуваат во национални консултации преку принципот на слобода на изразување, да придонесат во извештаите на државата и да ја поддржат имплементацијата на препораките од УПП преку призма на принципите, со што се зајакнува владеењето на правото и легитимноста на судскиот систем.



# ФАЗИ НА СУДСКОТО ВКЛУЧУВАЊЕ ВО УПП ПРОЦЕСОТ

Вклучувањето на судството може да се разгледа низ три клучни фази: пред прегледот, за време на прегледот и по прегледот. Секоја од овие фази нуди специфични можности за дејствување што колективно ја зајакнуваат улогата на судството во процесите на мониторинг и имплементација на човековите права.[15] Дополнително, вклучувањето на судството во овој процес подразбира и градење на капацитети и подигнување на свеста за значењето и заштитата на човековите права, бидејќи во нивната работа, судиите треба да се свесни и да ги применуваат стандардите во случаите што ги водат.[16]

## 1. Пред прегледот: Подготовка и придонес[17]

Пред формалниот преглед, судските институции можат значајно да придонесат преку учество во националните консултации и доставување информации за државниот извештај. Овие информации може да вклучуваат проценка на спроведувањето на претходните препораки од УПП поврзани со правосудството, важни пресуди поврзани со човекови права и системски предизвици како ограничен пристап до правда или доцнење на постапките. Оттука, важно е судиите да бидат добри познаватели на меѓународното право за човекови права особено на УПП механизмот, да се фокусираат на правата на жените и маргинализираните групи, и да известуваат за најзначајните судски случаи за развивање на човековите права. Дополнително, во првата фаза, важно е градење на капацитети на судиите или другите форми на судски придонес за УПП механизмот.

Од меѓународни позитивни примери, во Бразил, Врховниот суд придонесе кон државниот извештај со информации за клучни одлуки поврзани со правата на домородните народи и истополови бракови, нагласувајќи ја улогата на судството во заштитата на нивните права.[18]

15 Restifo, “Tips for Enhancing Judicial Engagement with the United Nations Human Rights Council Universal Periodic Review.”

16 Ramos Dos Santos, “The Role of the Universal Periodic Review in Advancing Human Rights in the Administration of Justice.” Page 36

17 Restifo, “Tips for Enhancing Judicial Engagement with the United Nations Human Rights Council Universal Periodic Review.” Pages 16 -18

18 Ramos Dos Santos, “The Role of the Universal Periodic Review in Advancing Human Rights in the Administration of Justice.” Page 35

## 2. За време на прегледот: Вклучување, дијалог и усвојување на препораки[19]

Иако УПП е пред сè државен процес, сè повеќе се препознава вредноста од вклучување на високи судии во државните делегации. Нивното присуство овозможува директен ангажман со меѓународната заедница и со земјите-прегледувачи, што ја зајакнува вредноста на интерактивниот дијалог, и можност за објаснување на улогата и одговорностите на судството во националниот правен систем и спроведување на меѓународните обврски. Во оваа фаза, односно од дијалогот до усвојување на препораките, судството може да даде правна анализа за статусот на човековите права во државата, да ги анализира препораките од други држави, особено оние што се однесуваат на реформи во правосудството, и да процени дали препораките бараат измени во домашното законодавство или судска практика. Ваквото вклучување ја демонстрира транспарентноста на судството и ја зајакнува довербата на меѓународната заедница во судските институции.

Од меѓународни позитивни примери, во Индонезија, Мороко и Полска, судски претставници учествуваа во сесијата на УПП заедно со државната делегација и дадоа објаснувања за судските реформи, придонесувајќи за попрецизен и информиран преглед.[20]

## 3. По прегледот: Имплементација и следење[21]

По усвојување на препораките, судството треба да се информира од страна на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија за матриксот со препораки со цел запознавање и подигнување на свеста на сите судии за релевантните препораки. Дополнително, се нагласува потребата на градење на капацитети преку различни модули за можноста и моќта на користење на препораките од УПП процесот. Фазата по прегледот е клучна за претворање на препораките во конкретни промени. По добивањето на препораките, судските институции треба систематски да ги анализираат оние што се однесуваат на судски реформи, пристап до правда, и судска независност. Таквата анализа помага во приоритизирање на активности и координација со други државни институции. Оттука, правосудниот систем може да игра улога преку вклучување на препораките од УПП во обуките за судии и правосуден персонал, ревизија на постапките со цел да се подобри пристапот до правда; соработка со националните тела за следење и известување (како NMIRF) во подготовка на среднорочни извештаи, и основање внатрешни тела во рамки на судството за следење на спроведувањето на препораките од УПП.

Вклучувањето на судството во процесот на УПП – преку учество во фазите пред, за време и по прегледот – ја зајакнува легитимноста и ефикасноста на судските институции и на целиот систем за заштита на човековите права. Проактивното учество на судството придонесува за поголема отчетност и поддржува долгорочна примена на стандардите за владеење на правото.

19 Restifo, "Tips for Enhancing Judicial Engagement with the United Nations Human Rights Council Universal Periodic Review." Pages 19 -20

20 "The Judiciary's Key Role in UPR Implementation," UPR Info (blog), October 11, 2024, https://upr-info.org/en/news/judiciarys-key-role-upr-implementation?utm_source=chatgpt.com.

21 Restifo, "Tips for Enhancing Judicial Engagement with the United Nations Human Rights Council Universal Periodic Review." Pages 21 - 24

# ПРЕПОРАКИ ОД ЧЕТВРТИОТ ЦИКЛУС ОД ОБЛАСТА НА РОДОВО-БАЗИРАНОТО НАСИЛСТВО, РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ, ГОВОРОТ НА ОМРАЗА И ДИСКРИМИНАЦИЈАТА

| Препорака и држава која препорачува | Позиција на државата под преглед |
|---|---|
| 117.18 Зајакнување на имплементацијата на системите и обезбедување на механизми кои овозможуваат ефективно спроведување на јавните политики за заштита и унапредување на човековите права, со цел создавање родово рамноправни, подиверзитетни и порепрезентативни институции (Шпанија); | **Поддржана** |
| 117.26 Понатамашно зајакнување Канцеларијата на Народниот правобранител (на пр., преку пополнување на испразнетите позиции на заменик-народни правобранители) и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (на пр., преку темелна анализа на пречките во постојната законска и политичка рамка и нивната примена) и да се обезбеди непристрасен, независен и исклучиво на заслуги заснован избор на кадар и распределба на соодветни финансиски средства (Германија); | **Поддржана** |
| 117.27 Да се обезбеди распределба на потребните ресурси за Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, овозможувајќи ѝ да го исполни својот мандат (Грција); | **Поддржна** |
| 117.31 Да се зајакнат механизмите за борба против дискриминацијата, особено за да се зголеми нивната ефикасност во справувањето со кривични дела од омраза и говор на омраза, и да се зајакне капацитетот и независноста на институциите одговорни за заштита на правата на малцинските групи (Шпанија); | **Поддржана** |
| 117.32 Да се надминат недостатоците и да се обезбеди спроведување на постојните закони што ја забрануваат секоја форма на дискриминација во согласност со меѓународните стандарди, и да се зајакнат јавните едукативни кампањи за промовирање на толеранцијата, соживотот, почитувањето на различностите, дијалогот и инклузијата (Шри Ланка); | **Поддржана** |
| 117.33 Да се обезбеди целосно спроведување на постојните закони што ја забрануваат дискриминацијата, вклучувајќи го и Законот за спречување и заштита од дискриминација, и да се зајакнат јавните кампањи за промоција на толеранцијата, соживотот, инклузијата и дијалогот (Турција); | **Поддржана** |
| 117.34 Да се спроведуваат законите што го криминализираат насилството базирано на род, вклучувајќи го семејното насилство, како и насилството и дискриминацијата врз припадниците на маргинализираните групи, вклучително и ЛГБТИК+ лицата и Ромите (Соединети Американски Држави); | **Поддржана** |

| | |
|---|---|
| 117.35 Да се преземат дополнителни мерки за борба против дискриминацијата, насилството и говорот на омраза засновани на раса и етничка припадност, со посебен фокус на подобрување на механизмите за елиминација на дискриминацијата во образовниот систем (Белорусија); | **Поддржана** |
| 117.36 Да се преземат дополнителни мерки за подобрување и спроведување на законите и политиките против дискриминација, говор на омраза и злосторства од омраза, особено по етничка основа (Бугарија); | **Поддржана** |
| 117.37 Продолжување на напорите за борба против сите форми на дискриминација, вклучително и дискриминација врз жени и лица со инвалидитет, имплементирање на национални стратегии и меѓународни конвенции и зајакнување на капацитетот на јавната администрација, како во обезбедување на заштита на човековите права, така и во обезбедување соодветно прогонување на повредите (Италија); | **Поддржана** |
| 117.39 Удвојување на напорите за борба против сите форми на дискриминација врз основа на пол, етничка припадност, сексуална ориентација и родова идентитет, или на било кој друг основ (Уругвај); | **Поддржана** |
| 117.40 Продолжување на кампањите за подигнување на свеста за борба против сите форми на дискриминација (Албанија); | **Поддржана** |
| 117.41 Подигнување на свеста за дискриминацијата и нејзините различни форми, вклучувајќи го истакнувањето на механизмите за заштита преку таргетирани информативни кампањи, особено во училиштата (Австрија); | **Поддржана** |
| 117.42 Да се обезбеди дека нема да произлезе никаква неповолност за граѓаните од остварувањето на нивното право да се идентификуваат како припадници на одредена етничка група, како што беше претходно препорачано (Бугарија); | **Поддржана** |
| 117.72 Продолжување со зајакнување на политиката за отфрлање на говорот на омраза (Оман); | **Поддржана** |
| 117.137 Продолжување и зајакнување на мерките насочени кон постигнување родова еднаквост и подобрување на состојбата на бегалците (Алжир); | **Поддржана** |
| 117.179 Да се продолжат напорите за борба против дискриминацијата против Ромите и да се обезбеди ромските заедници, особено жените Ромки, да имаат еднаков пристап до здравствени услуги (Словачка); | **Поддржана** |
| 117.180 Да се продолжи со зајакнување на борбата против дискриминацијата и поттикнувањето на насилство врз малцинските и ранливите групи, особено врз децата Роми, и да се обезбеди ефикасна истрага на злосторствата од омраза, а нивните сторители да се казнат (Боливарска Република Венецуела); | **Поддржана** |
| 117.181 Зголемување на напорите за борба против дискриминацијата и социјалната сегрегација што ја претрпуваат Ромите (Аргентина); | **Поддржана** |

| | |
|---|---|
| 117.182 Борба против дискриминација, говор на омраза и злосторства од омраза против Ромите и другите етнички малцинства (Кина); | **Поддржана** |
| 117.183 Преземање решителни мерки за борба против говорот на омраза, дискриминацијата и нетолеранцијата, особено против малцинските групи, и обезбедување еднаков пристап до образование, здравствена заштита и вработување (Гамбија); | **Поддржана** |
| 117.184 Да се интензивираат напорите за справување со злосторствата од омраза, исламофобијата, расизмот, расната дискриминација, ксенофобијата и другата сродна нетолеранција насочена кон етничките и религиозните малцинства (Малезија); | **Поддржана** |
| 117.185 Удвојување на напорите за спречување, борба и искоренување на современите форми на дискриминација, трговија со луѓе и социјална исклученост на штета на ромското население (Парагвај); | **Поддржана** |
| 117.193 Преземање понатамошни чекори за заштита на маргинализираните групи како што се ЛГБТИ лицата и Ромите и справување со говорот на омраза насочен против нив (Канада); | **Поддржана** |
| 117.194 Продолжување на напорите за борба против сите форми на дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет (Франција); | **Поддржана** |
| 117.195 Да се донесат законски мерки за спречување и заштита на лицата од дискриминација, обезбедувајќи ги нивните права врз основа на пол, вклучително и ЛГБТКИА+ заедницата, и за заштита од повеќекратни форми на дискриминација (Бразил); | **Поддржана** |
| 117.79 Борба против говорот на омраза и вложување поголеми напори за заштита на слободата на мислење и изразување (Ирак); | **Поддржана** |
| 117.88 Обезбедување обука за судиите, обвинителите и службениците за гранична контрола и други службеници за спроведување на законот за законодавството против трговијата со луѓе, со родово сензитивен и пристап фокусиран на жртвите (Израел); | **Поддржана** |
| 117.65 Континуирано професионално усовршување за судиите и јавните обвинители за прашања како што се насилството врз жените и децата (Унгарија); | **Поддржана** |
| 117.38 Измена на законот за еднакви можности за жените и мажите за да се обезбеди негово усогласување со принципот на еднаквост и недискриминација во сите области опфатени со Конвенцијата за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените (Црна Гора); | **Поддржана** |
| 117.90 Да се доделат дополнителни финансиски средства за проширување на бројот на засолништа и други специјализирани услуги за заштита на жените жртви на насилство и трговија со луѓе, особено во малите градови и руралните области, да се гонат и казнат одговорните и да се обезбеди соодветна отштета за жртвите и преживеаните (Мексико); | **Поддржана** |
| 117.98 Усогласување на Законот за социјална заштита со членовите од Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство од 2021 година (Исланд); | **Поддржана** |

| | |
|---|---|
| 117.145 Зголемување на напорите за ставање крај на насилството врз жените преку обезбедување специјализирана обука за судии, припадниците на полицијата и сите актери вклучени во поддршката на жртвите (Малдиви); | **Поддржана** |
| 117.146 Да се продолжат напорите за борба против насилството врз жените (Непал); | **Поддржана** |
| 117.151 Обезбедување соодветно финансирање и капацитет за ефикасно спроведување на законодавството за насилство врз жените и семејно насилство и подобрување на капацитетите за засолнување и обезбедување специјализирани услуги за жртвите на такво насилство во руралните средини (Словенија); | **Поддржана** |
| 117.152 Да се преземат чекори за воспоставување ефикасна операционализација на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Виетнам); | **Поддржана** |
| 117.153 Да се продолжи со усвојување на законски мерки и да се обезбеди доволно финансирање за борба против сите форми на насилство врз жените (Албанија); | **Поддржана** |
| 117.156 Обезбедување на потребното финансирање за спроведување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Костарика); | **Поддржана** |
| 117.172 Преземање мерки за елиминирање на дискриминацијата и обезбедување еднаков пристап на лицата со попреченост до образовниот систем, со цел остварување на нивното право на образование (Португалија); | **Поддржана** |
| 117.134 Финализирање и донесување на законот за родова еднаквост и градење на капацитетот на државните институции за одговор на родово базираното насилство (Австралија); | **Поддржана** |
| 117.136 Обезбедување соодветно обезбедување меѓуинституционални механизми за ефикасно гарантирање на родовата еднаквост и борбата против родово базирано насилство, особено за подобрување на пристапот до здравствени услуги и обука за родово базирано насилство (Шпанија); | **Поддржана** |
| 117.142 Преземање мерки за обезбедување соодветна имплементација и спроведување на законите и соодветно санкционирање на сторителите на родово базирано насилство (Грција); | **Поддржана** |
| 117.143 Обезбедување задолжителна обука и развој на капацитети за промовирање на пристап базиран на права и насочен кон жртвите за справување со родово базирано насилство за членовите на судството и полицијата (Ирска); | **Поддржана** |
| 117.144 Преземање мерки за подобрување на пристапот до специјализирани услуги и засолништа за жени, девојчиња и други жртви на родово базирано насилство во руралните средини (Ирска); | **Поддржана** |

| | |
|---|---|
| 117.147 Развивање и спроведување курсеви за обука за полицијата, обвинителството и судството за спроведување на неодамна изменетиот Кривичен законик, кој воведе нови кривични дела и дефиниции за родово базирано насилство и насилство врз жените (Панама); | **Поддржана** |
| 117.148 Продолжување со администрирање специјализирана обука и едукација за службеници за спроведување на законот, обвинители и судии за пристапи засновани на човекови права за справување со случаи на дискриминација и насилство врз основа на пол (Филипини); | **Поддржана** |
| 117.149 Обезбедување обука за судството и полицијата за родово базирано насилство заснована на човекови права и насочена кон жртвите, со цел ефикасно спроведување на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство од 2021 година (Португалија); | **Поддржана** |
| 117.150 Преземање дополнителни чекори за обезбедување родова еднаквост преку подобрување на пристапот до специјализирани услуги и засолништа за жртвите на родово базирано насилство, особено во руралните средини (Република Молдавија); | **Поддржана** |
| 117.154 Да се издвојат доволно средства за националниот акционен план за спроведување на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство, особено за активности за спречување и заштита од родово базирано насилство (Белгија); | **Поддржана** |
| 117.155 Преземање понатамошни чекори за спречување и борба против сексуалното и родово базираното насилство, вклучително и семејното насилство, на пример преку зголемување на достапноста и навременоста на поврзаните судски постапки (Канада); | **Поддржана** |
| 117.157 Промовирање на пристап базиран на права и фокусиран на жртвите во борбата против родовото насилство (Кипар); | **Поддржана** |
| 117.158 Преземање мерки за зајакнување на услугите за заштита и поддршка на жртвите на семејно насилство (Франција); | **Поддржана** |
| 117.159 Зајакнување на капацитетот на полициските служби за ефикасно реагирање на случаи на семејно насилство, вклучително и преку специјализирани програми за обука за полицајци и обвинители за справување со вакви случаи со чувствителност и професионализам (Гамбија); | **Поддржана** |
| 117.160 Зајакнување на капацитетот на судството и полицијата за борба против родово базираното насилство со користење на пристап базиран на човекови права и фокусиран на жртвата (Луксембург); | **Поддржана** |
| 117.73 Јасно дефинирање кои манифестации на говор на омраза се предмет на кривична одговорност и усвојување на ефикасно законодавство за спречување на говорот на омраза на Интернет и борба против него (Руска Федерација); | **Нотирано** |

| | |
|---|---|
| 117.30 Измена на Кривичниот законик за да се вклучи говорот на омраза како посебно кривично дело (Израел); | **Нотирано** |
| 117.192 Измена на Кривичниот законик за да се вклучи јасна и сеопфатна дефиниција за говор на омраза, експлицитно вклучувајќи ја сексуалната ориентација, родовиот идентитет, родовото изразување и половите карактеристики како заштитени основи, и за да се подобри ефикасното следење на жалбите што вклучуваат говор на омраза и злосторства од омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет (Белгија); | **Нотирано** |
| 117.189 Усвојување и спроведување транспарентна административна постапка за законско признавање на родот врз основа на самоопределување (Исланд); | **Нотирано** |
| 117.190 Усвојување и спроведување на релевантно законодавство за правно признавање на родот и родова еднаквост (Кралство Холандија); | **Нотирано** |
| 117.29 Вклучување на сеопфатна дефиниција за говор на омраза во Кривичниот законик што експлицитно ги вклучува сексуалната ориентација и родовите идентитети како заштитени основи (Исланд); | **Нотирано** |
| 117.130 Донесување закон за родова еднаквост во согласност со стандардите на Европската Унија и Обединетите Нации и брза, транспарентна и достапна административна и правна постапка за признавање на родот, заедно со соодветно финансирање (Германија); | **Нотирано** |